Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 38 -та седница одржана на 31.08.2026 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под бр. 12-1993/1 од 18.05.2026 година, со наводи за сомневања за незаконитости во постапка за јавна набавка спроведена од Министерството за ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-1993/1 од 18.05.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 18.05.2026 година, поднесена е пријава со наводи за сомневања за незаконитости во постапка за јавна набавка спроведена од Министерството за ---- (понатаму: Министерство) и оформен е предмет бр. 12-1174/1 од 18.05.2026 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на Оглас за јавна набавка бр. ---- година, спроведен од страна на Министерството, со предмет на набавка услуги - ----, по кој бил избран економскиот оператор ----, со вредност на договорот од ----денари

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

без ДДВ. Подносителот се сомнева во фаворизирање на конкретен економски оператор, нетранспарентно оценување и евентуална формална или фиктивна реализација на договорот.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК изврши увид во Електронскиот систем за јавни набавки (понатаму: ЕСЈН).

Видно од Решение бр. ----година, донесено од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки (понатаму: ДКЖЈН), жалбата на Друштвото ---- против спорниот оглас била одбиена како несонована, од причина што е утврдено дека избраниот економски оператор го исполнил условот предвиден во тендерската документација со валидни докази, како и дека Министерството детално го опишало начинот на бодување и врз основ на истиот извршило бодување без при тоа на некому да создава предност во бодувањето.

Видно од Известувањето за реализиран договор за јавна набавка, објавено на ЕСЈН на ден ---- година, предметот на договорот за јавна набавка по спорниот оглас бил целосно реализиран.

*Според член 130 став 1 алинеја 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр. 24/2019 и „Службен весник на РСМ“ бр. 87/2021 и 14/2025), Државната комисија за жалби по јавни набавки е надлежна за: решавање по жалби во постапките за јавни набавки пропишани со овој закон.*
*Според член 141 став 1 од ЗЈН, во жалбената постапка Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност задолжително проверува дали се сторени битни повреди од ставот (2) на овој член.*

ДКСК констатира дека за предметниот случај постапил надлежен орган (ДКЖЈН) и не биле утврдени неправилности во постапката за јавна набавка. Дополнително, договорниот орган, односно Министерството известило дека економскиот оператор целосно го реализирал предметот на договорот за јавна набавка по спорниот оглас.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник

Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Одобрил: м-р Б.К.Ш. Член на ДКСК